**20200841291**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 ), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 март 2020 година, донесе

**УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.76/20), во член 1, во ставот 2 по зборот „COVID-19“ се додаваат зборовите „и здравствени услуги за детекција на Коронавирус COVID-19, со PCR метода на земен материјал назофарингеален и орофарингеален брис и бронхоалвеоларен лават, во микробиолошка лабораторија,“.

Член 2

Во членот 2, по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Приватните здравствени установи надвор од мрежата на здравствени установи кои укажуваат здравствени услуги за детекција на Коронавирус COVID-19, со PCR метода на земен материјал назофарингеален и орофарингеален брис и бронхоалвеоларен лават, во микробиолошка лабораторија, ќе ја вршат оваа услуга во мрежата на здравствени установи.“

Во ставот 2 кој станува став 3, зборовите „став 1“ се заменуваат со зборовите „ставовите 1 и 2“.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2636/1
30 март 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.